Врз основа на член 6 од Одлуката за услови и начин на давање на користење на училишен простор и спроведување други активности во врска со основните училишта на општина Центар - Скопје бр.08-1389/56 од 14.03.2022 година и Согласноста од Градоначалник на Општина Центар бр.09-3244/2 од 14.07.2023 година, ООУ „Киро Глигоров“ Скопје, Центар, го објавува следниот:

**О Г Л А С**

за прибирање понуди за давање на користење на фискултурна сала,
гимнастичарска сала и училници

Се даваат на користење фискултурната сала, гимнастичарска сала и училниците во ООУ„Киро Глигоров“ Скопје

**1. Фискултурна сала:**

- просторот што ќе се дава на користење е фискултурна сала од 875 м2
- намена на просторот - спорт и рекреација на деца и возрасни
- времетраење и начин на користење на просторот – од 01.09.2023-31.08.2024 година по час (60 мин.).
- цена на надоместокот за користење на просторот – 2.000,оо денари + ДДВ.

**2. Гимнастичарска сала:**

- просторот што ќе се дава на користење е гиманастичарска сала од 278 м2
- намена на просторот - спорт и рекреација на деца и возрасни
- времетраење и начин на користење на просторот – од 01.09.2023-31.08.2024 година по час (60 мин.).
- цена на надоместокот за користење на просторот- 1.500,оо денари + ДДВ

Критериуми за давање на користење на фискултурната сала и гимнастичарската сала, а кои се услов за да се склучи договор се:

- придонес за развој на спортот на локално и државно ниво
- натпреварувачки успеси во лига – системи
- работа со млади креатори
- рекреација.

**3. Училници** - просторот што ќе се дава на користење се училници во училиштето со површина од 62.77 м2.

- намена на просторот-курсеви по странски јазици за ученици и едукативни училишта (музика, ликовно, драматургија).
- времетраење и начин на користење на просторот од 01.09.2023-31.08.2024 година по час.
- цена на надоместокот:750,00+ДДВ за еден час од 60 мин.во училница од 62.77 м2.

Критериуми за давање на користење на училници, а кои се услов за да се склучи договор се:

-значајни резултати постигнати од областа на уметноста, литературата, музичките и драмските активности или поттикнување на надарени ученици за откривање на нови знаења.

Огласот е отворен во текот на цела година.

Се покауваат заинтересираните понудувачи да достават понуди според тендерската документација што може да се подигне во училиштето, заклучно со 29.08.2022 година секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

ООУ„Киро Глигоров“ Скопје, Центар